**Сценско-музички мини хепенинг**

**(4 јуни)На официјалното отварање на 45-от театарски фестивал „Војдан Чернодрински" му претходеше интерактивна културно-уметничка програма, дел од сценско-музичката активност на НУЦК„Марко Цепенков". Во центарот на градот свој настап имаше Октетот „Прилеп", на летната сцена „Александрија" настапи балетско-танцовото студио „Зодијак", пред Ликовната галерија и Центарот за**

**култура автентичен настап имаа КУД „Мирче Ацев” и КУД „Моминок”.Градскиот блех оркестар атрактивно го најави почетокот на фестивалот низ централното градско подрачје, а бројните посетители имаа прилика да уживаат и во сликањето на десетина прилепски уметници кои твореа пред прилепскиот храм на културата.**